**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА**

**3-ти април, 2009 година**

Меѓународната универзитетска програма создадена и имплементирана од Институтот ОХРИД продолжува да генерира огромен интерес помеѓу академската заедница во Македонија. Седмото предавање вклучи теми од корпоративното владеење и развојот на бизнис етиката која беше одржана од светски познатиот професор Харди Бујон од Германија.

Институтот ОХРИД смета дека Професорот Бујон е реномиран академик чија работа и интелектуално ангажирање се заснова на вредноста на идеите во многу прашања и дилеми кои лежат во секојдневните дебати и контроверзии кои го потенцираат бизнисот и етиката. На предавањето Професорот Бујон зборуваше за моралот во однос на економското однесување и врската со етиката како и природата на корпоративното владеење. Професорот ги истакна и аспектите на корпоративното владеење, идеолошките проблеми, научните проблеми и аплицираната етика.

Д-р Харди Бујон во моментот работи како Професор на Универзитетот за бизнис и економија во Виена. Д-р Бујон е ангажиран и како вонреден професор по филозофија на Универзитетот во Триер, Германија, гостин професор во Дисбург-Есен, Прага, Салзбург и Загреб. Студиите ги завршил на реномираниот Универзитет Оксфорд, Англија, во САД и во Триер. Член на престижната Монт Пелерин Организација и добитник на трета награда од Олив Гарви здружението во 1992 година. Харди Бујон е член и консултант на многу национални и меѓународни академски одбори и институти.

Професорот Харди Бујон има голем опус на публикувани книги и трудови. Покрај дваесетте издадени книги е автор и на повеќе од 100 академски трудови и студии, објавени на англиски, германски, италијански, романски, турски, кинески и виетнамски јазик.

Институтот ОХРИД е почестен што беше домаќин на еден извонреден професор кој остави значителен впечаток врз студентите и помогна значително да се збогати Меѓународната универзитетска програма.

---

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk